# Извештај за пазарот на хартии од вредност за периодот 01.01-31.03.2014 година

# I.ЛЕГИСЛАТИВА НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Подзаконски акти – правилници кои произлегуваат од Законите во надлежност на Комисијата

Во периодот 01.01-31.03.2014 година во насока на примена на регулативата Комисијата донесе вкупно 4 правилници за изменување и дополнување на постојни правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност и Законот за инвестициски фондови.

**Правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност**

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот и структурата на влоговите при основање и средствата од активата на овластено правно лице со кои треба да располага и во континуитет;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за основање на депозитар на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на задолжителна структура и начинот на пресметка на основната главнина на берза и на средствата што ја сочинуваат основната главнина на берзата;

**Правилници кои произлегуваат од Законот за инвестициски фондови**

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд;

# II. ПАЗАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## А) ПРИМАРЕН ПАЗАР

### 1. Нови емисии на хартии од вредност

Во периодот 01.01-31.03.2014 година, беа донесени 3 одлука за одобрување на издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда на хартии од вредност. Вредноста на емисиите изнесуваше 659.383.514 денари.

Во истиот период Комисијата издаде 3 одобренија за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда. Вредноста на продажбата на сопствени акции изнесуваше 11.415.600 денари.

## Б) СЕКУНДАРЕН ПАЗАР

### 1. Тргување на секундарен пазар

На 31.03.2014 година на Македонската берза АД Скопје, беа котирани акции на 116 акционерски друштва.

На 31.03.2014 година пазарната капитализација на котираните друштва достигна вредност од 93.183.484.742 денари, додека пазарната капитализација на АД со посебни обврски за известување достигна 4.949.438.010 денари. Пазарната капитализација на обврзниците изнесуваше 6.650.179.439 денари. Вкупната пазарна капитализација на Официјалниот и на Редовниот пазар изнесуваше 104.783.102.190 денари (без слободен пазар).

Во периодот 01.01-31.03.2014 година на Македонската берза остварениот промет од класичното тргување изнесуваше 607.507.870 денари[1], што е зголемување за 26,09% во споредба со истиот период 2013 година (481.793.500 денари).

Во периодот 01.01-31.03.2014 година прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) изнесуваше 586.162.329 денари, што претставува зголемување за 49,12% во споредба со истиот период 2013 година (393.083.094 денари).

Во периодот 01.01-31.03.2014 година прометот остварен со обврзници изнесуваше 84.345.541 денари.

Структурата на прометот остварен со класично тргување по видови на хартии од вредност е следната: промет со акции 96,49% од вкупниот промет; промет со обврзници 3,51% од вкупниот промет.

Во периодот 01.01-31.03.2014 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на 1 јавна берзански аукции во вкупна вредност од 268.788.500 денари.

Во периодот 01.01-31.03.2014 година на Берзата се пријавени 12 блок трансакции, во вкупна вредност од 156.560.822 денари, што претставува зголемување од 86.46% во споредба со истиот период 2013 година (83.964.386 денари).

Во периодот 01.01-31.03.2014 година вкупниот промет на Берзата изнесуваше 1.095.857.192 денари.

---

[1]При пресметувањето на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции, пријавените блок трансакции и јавните понуди на хартии од вредност.

## Структура на промет по пазарни сегменти




Во периодот 01.01-31.03.2014 година прометот на Официјалниот пазар на Берзата (595.700.163 денари) е остварен преку 3074 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 98,06%.

Во периодот 01.01-31.03.2014 година прометот на Редовниот пазар на Берзата (74.807.707 денари) е остварен преку 65 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 1,94%.

Вредност на МБИ-10 на 31.03.2014 година изнесуваше 1.724,51 индексни поени, притоа највисока вредност е постигната на 17.03.2014 година (1.785,92 индексни поени) додека најниска вредност на индексот е постигната на 16.01.2014 година (1.676,59 индексни поени).

Вредност на ОМБ на 31.03.2014 година изнесуваше 124,13 индексни поени, притоа највисока вредност е постигната на 18.02.2014 година (124,34 индексни поени) додека најниска вредност на индексот е постигната на 28.02.2014 година (123,28 индексни поени).

Кај обврзниците за денационализација стапките на принос до доспевање се следниве:

| | |
|---|---|
| **RMDEN 04** | 4,02% |
| **RMDEN 06** | 4,57% |
| **RMDEN 07** | 5,04% |
| **RMDEN 08** | 4,48% |
| **RMDEN 09** | 4,66% |
| **RMDEN 10** | 4,48% |
| **RMDEN 11** | 4,16% |
| **RMDEN 12** | 3,69% |

## 2.Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во периодот 01.01-31.03.2014 година

Податоците врз основа на кои е пресметано учеството на членките на Македонската Берза АД Скопје во остварениот вкупен промет и во вкупниот број на реализирани трансакции се базираат врз двојно пресметување од двете страни на секоја трансакција, и при купување и продавање.

**Остварен промет по членки**




**Приход на брокерските куќи во 01.01-31.03.2014 година**

| Членка | Скратен назив | Вкупен приход (во денари) |
|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | [redacted] | [redacted] |
| Инвестброкер АД Скопје | МИ | 637.431 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | [redacted] | [redacted] |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ | 2.228.062 |
| Иново Брокер АД Скопје | [redacted] | [redacted] |
| Фершпед Брокер АД Скопје | ФР | 57.901 |
| Еурохаус АД Скопје | [redacted] | [redacted] |
| Пеон Брокер АД Скопје* | ПЕ | 28.384 |
| Поштел Брокер АД Скопје | [redacted] | [redacted] |
| ТТК Банка АД Скопје | ТК | 217.633 |
| Алта Виста Брокер АД Скопје* | [redacted] | [redacted] |
| Стопанска банка АД Скопје | СБ | 366.488 |
| Еуро Брокер АД Скопје | ЕУ | 74.375 |
| Вкупно | | [redacted] |

**Извор: Комисија за хартии од вредност на РМ**

*Приходите на брокерските куќи Пеон Брокер АД Скопје и Алта Виста АД Скопје се пресметани за месец јануари 2014 година.




### 3. Престанок со работа/ликвидација на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност

Во текот на периодот 01.01-31.03.2014 година согласно одредбите на Законот за хартии од вредност беа донесени решенија:

1. За трајно одземање на дозволата за работа на брокерската куќа Алта Виста Брокер АД Скопје и решение за исполнување на услови за отварање на ликвидација на брокерската куќа;
2. За трајно одземање на дозволата за работа со хартии од вредност на брокерската куќа Пеон Брокер АД Скопје и решение за исполнување на условите за отварање на ликвидација.

Дозволата за работа им беше одземена поради настанување на променети околности во работењето на брокерските куќи, односно поради донесената одлука за престанок на работа на брокерските куќи од страна на Собранието на акционери на истите

## 4. Друштва за управување со инвестициски фондови

Во периодот 01.01-31.03.2014 година на територијата на Република Македонија работеа 4 друштва за управување со инвестициски фондови кои управуваа со 10 отворени инвестициски фондови.

Од аспект на сопственоста на друштвата за управување со инвестициски фондови како што може да се види во табелата подолу во најголем дел од друштвата се во сопственост на странски финансиски институции на кои отпаѓа околу 72% од акциите во друштвата. Домашни физички лица и финансиски институции што не се банки поседуваат вкупно 8% учество во запишаниот капитал на друштвата за управување со инвестициски фондови, додека 20% од запишаните средства се во сопственост на домашни банки.

**Сопственост на друштвата за управување со инвестициски фондови**




## 5. Инвестициски фондови

Вкупната нето вредност на имотот на фондовите на 31.03.2014 изнесуваше 922.407.725 денари. Ваквиот тренд може делумно да се објасни со фактот што формираните кеш фондови кои всушност ги имаат најголемите приливи на средства и се најпривлечни за инвеститорите кои очигледно во овој временски период не го претпочитаат ризикот.

Од аспект на движењето на цената по удел во периодот 01.01-31.03.2014 година, прикажана на графиконот, може да се согледа дека движењето на истите е релативно избалансирано без поголеми осцилации односно волатилност.

**Движење на цената на уделот на инвестициските фондови во период 01.01-31.03.2014 година**




*Вредноста на Илирика Кеш почнува од 1.000 денари, а на останатите фондови од 100 денари

Вредноста на вложувањата на инвестициските фондови во хартии од вредност на Македонската Берза изнесува 57.536.492,48 денари.

## 5.Структура на сопствени средства на брокерските куќи на 31.03.2014 година

| | Членка | Сопствени средства ден. |
|---|---|---|
| 1 | Еурохаус АД | 4.783.105 |
| 2 | Илирика Инвест.АД | 4.870.132 |
| 3 | Иново брокер АД | 4.650.000 |
| 4 | Комерцијална банка АД | 31.092.660 |
| 5 | Инвестброкер АД | 40.042.799 |
| 6 | Стопанска банка АД | 31.065.768 |
| 7 | ТТК Банка АД | 31.065.000 |
| 8 | НЛБ Тутунска банка АД | 31.065.268 |
| 9 | Фершпед Брокер АД | 31.130.234 |
| 10 | Поштел Брокер АД | 11.499.388 |
| 11 | Еуро Брокер АД | 8.723.164 |

## 6. Учество на пензиските фондови на македонскиот пазар на хартии од вредност

(во денари)

| | Задолжителни | Доброволни |
|---|---|---|
| Акции | 909.939.633 | 38.478.452 |
| Обврзници | 17.323.205.281 | 167.631.619 |